A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Арх.број 09-52/1

Врз основа на член 169 став 1 алинеа 9 од Законот за јавни набавки ("Сл. весник на РМ" бр.136/2007 , 130/08 , 97/10 , 53/11 , 185/11, 15/13 , 148/13, 28/14, 130/14 и 180/14).Градоначалникот на Општина Зрновци , на ден 16.01.2018 год., ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка**

**1.Постапката за доделување на договор за јавна набавка : Набавка на материјали за одржување на улично осветлување и материјали за одржување на ННМ за потребите на Општина Зрновци, објавена на Веб страната на Бирото за јавни набавки под бр.007/2017 од 29.12.2017 год., СЕ ПОНИШТУВА од причини што договорниот орган не може да изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на законот согласно член 210 од ЗЈН, односно се сторени битни пропусти кои се однесуваат на отварањето на понудите. Имено , при изготвувањето на тендерската документација е напишано дека постапката се спроведува во хариена форма, а во објавување на огласот на ЕСЈН стои дека постапката се спроведува во електронска форма. При отварање на понудите имаме состојба на 1 (една) поднесена понуда во ел. форма, а 3 (три) понуди се поднесдени во хартиена форма.**

**Поради наведеното, Договорниот орган не е во можност да ја спроведе постапката согласно Законот и не е во можност да избере најповолна понуда.**

**2. Сите дејствија во врска со постапката се прекинуваат.**

**3.Согласно член 170 став 1 и 2 од Законот за јавни набавки , општина Зрновци писмено ќе ги извести учесниците во постапката и ке објави известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на ЕСЈН за причините за поништување на постапката.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 29 од Законот за јавни набавки, Градоначалникот на Општина Зрновци донесе Одлука за јавна набавка бр.09-343/1 од 14.06.2017 год., за јавна набавка- **Набавка на материјали за одржување на улично осветлување и материјали за одржување на ННМ за потребите на Општина Зрновци.** Огласот за Барање за прибирање на понуди е објавен на Веб страната на Бирото за јавни набавки под бр.007/2017 од 29.12.2017година.

На ден 05.01.2018 год., Комисијата за јавни набавки изврши отварање на првично поднесените понуди .

Меѓутоа, е констатирано дека **при изготвувањето на тендерската документација е напишано дека постапката се спроведува во хариена форма, а во објавување на огласот на ЕСЈН стои дека постапката се спроведува во електронска форма. При отварање на понудите имаме состојба на 1 (една) поднесена понуда во ел. форма, а 3 (три) понуди се поднесдени во хартиена форма. Договорниот орган не може да изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на законот согласно член 210 од ЗЈН, односно се сторени битни пропусти кои се однесуваат на отварањето на понудите.**

**Поради наведеното, Договорниот орган не е во можност да ја спроведе постапката согласно Законот и не е во можност да избере најповолна понуда.**

Имајки го во предвид наведеното , а во согласност со член 169 став 1 алинеја 9 од Законот за јавни набавки , Градоначалникот на Општина Зрновци донесе Одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА:Незадоволниот учесник во постапката за избор на најповолен понудувач може да поднесе жалба до Државна комисијата за жалби по јавни набавки и до Договорниот орган, во рок од 3 (три) дена од денот на доставувањето на известувањето.

Општина Зрновци
Градоначалник
Блаже Станков

Изготвил:Кристиан Савев
Контролирал:Ленче Илиова